Бр. 12 - 1448/1
28.02.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот --------------- од Скопје на 16.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-тата седница одржана на 7 февруари 2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот ---------------- на 16.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3079/1 од 16.05.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости и неправилности сторени од службени лица од повеќе државни органи (МВР, Јавното обвинителство, Основен суд во Кичево и други органи) во преземање на конкретни активности и дејствија согласно законските доделени надлежности во конкретен настан – сторена сообраќајна несреќа на ден 26.07.2017 година на територијата на општина Кичево на магистралниот пат Кичево–Гостивар, кај с.Т.Дол во близина на бензиската пумпа "Голден Оил" околу 19:10 часот, во која учествувал подносителот на пријавата и кој во судска постапка од Основниот суд во Кичево бил огласен за виновен и задолжен да плати парична казна, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12- 3079/1 од 16.05.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3079/1 од 16.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител --------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости и неправилности сторени од службени лица од повеќе државни органи (МВР, Јавното обвинителство, Основен суд во Кичево и други органи) во преземање на конкретни активности и дејствија согласно законските доделени надлежности во конкретен настан – сторена сообраќајна несреќа на ден 26.07.2017 година на територијата на општина Кичево на магистралниот пат Кичево–Гостивар, кај с.Т.Дол во близина на бензиската пумпа "Голден Оил" околу 19:10 часот, во која учествувал подносителот на пријавата и кој во судска постапка од Основниот суд во Кичево бил огласен за виновен и задолжен да плати парична казна.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на корупттивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 7 февруари 2020 година по број 12-3079/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk